Здружение на граѓани за инклузивно и неформално образование и развој
КРЕО-АКСИС
Бр. 1/21
15.02 2021 год.
Скопје

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-17**
**Датум: 15.2.2021 година**

Архивски знак: _____
Рок на чување: _____ год.
_____ 20___ год.
Потпис,

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение за инклузивно и неформално образование и развој „Крео-аксис"-Скопје (во натамошниот текст: Крео-аксис) |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Халк банка АД, Скопје |

Одговорно лице на субјектот:

| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Наташа Лалчевска, претседател | 075 619-773 | creo.aksis@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 11.2.2021 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 8.30 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 15.2.2021 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | во објект Нова Македонија |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра: 94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за месец февруари 2021 година, а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на Министерството за култура, бр. 20-1236/1 од 29.1.2021 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е надзор над наменското користење на одобрените средства (400.000 денари) и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 90.000 денари (прв дел), согласно со Договорот бр. 20-5278/1 од 29.4.2019 г., како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК, да биде доставен наративен и финасиски извештај за неговата реализација. **Основ**: член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ” бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

9) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- По поднесената Пријава бр. УП1 20-4512 од 8.11.2018 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 г. од областа на музичката и музичко-сценската дејност, со Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-4512/2019 од 14.2.2020 г., прифатен е проектот на Крео-аксис: „Бродвејски мјузикл за деца и младинци- Убавицата и sверот", а за негова реализација доделени се средства во износ од 400.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 20-5278/1 од 29.4.2020 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во вкупен износ од 400.000 денари, наменети за реализација на проектот „Бродвејски мјузикл за деца и младинци- Убавицата и sверот". На 21.5.2020 г. Крео-аксис доставил Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства (по намена и износи), којшто е составен дел од Договорот, согласно со член 3 став (2) од Договорот со МК. Во Оперативен и финансиски план биле предвидени средства за лиценца за мјузикот (40.000 денари), авторски хонорари за превод и адаптација на текст (33.333 денари), за препев на оригиналните песни од мјузиклот (36.666 денари), за музички директор и продуцент (83.557 денари), за сценограф и костимограф (20.000 денари), за кореограф (33.333 денари), за организатор (27.778 денари) и за режисер (33.333 денари), како и 92.000 денари за изнајмување на сала во Македонскиот народен театар во Скопје.
- Врз основа на Барањето од Крео-аксис бр. 20-5278/2 од 22.5.2020 г., со Решение за преведување на средства бр.20-5278/3 од 11.6.2020 г., МК превело **90.000 денари**, како аванс за реализација на проектот.
- На 23.9.2020 г., МНТ-Скопје го известил Крео-аксис дека, поради интерните протоколи за работа во услови на пандемијата со КОВИД 19, не се во можност да ја отстапат салата за мјузиклот, бидејќи во претставата се предвидени 30-ина учесници, а согласно протоколите се дозволени само 4-5 актери на сцена. Дополнително, од овластената агенција за лиценцирање на мјузиклот биле известени дека, додека трае состојбата со КОВИД 19, лиценци се издаваат само на училишта кои ја следат британската национална програма. Од тие причини, Крео-


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

аксис одлучил мјузиклот „Убавицата и sверот“ да го изведе на отворената сцена на Школка во Градскиот парк во Скопје. За изменетата локација на реализација на проектот, Крео-Аксис го известило МК со Допис (којшто е примен во МК на 28.9.2020 г.), при што побарал и пренамена на 132.000 денари (превично предвидени за изнајмување на салата на МНТ и за лиценца) за зголемување на дел од авторските хонорари (заради дополнителни обврски со промена на местото и условите на изведување на мјузиклот, како и за изведба на сценографија, бидејќи на сцената на МНТ била предвидена употреба на видео-бим, додека на Школка била неопходна сценографија), како и дополнителни ставки кои не биле превидени во Оперативниот и финансиски план како што се потрошни материјали за реквизити и костими, брошури, фотографирање, снимање и монтажа на видео материјал и за дигитален макетинг.

Од страна на МК не е добиен одговор на Дописот и барањето за пренамена, при што од страна на инспекторот е укажано на присутното лице дека, согласно со член 6 став (2) од Договорот, за измена на проектот, корисникот има обврска да го информира Министерството и да ги образложи причините за измените и дополнувањата, но и дека за бараните измени, договорните страни треба да склучат анекс кон договорот, што во случајот не е сторено. Од тие причини, од страна на инспекторот е укажано дека при трошењето на буџетските средства можат да бидат оправдани само расходите предвидени со Оперативниот и финансиски план (со одредени зголемувања на хонорарите поради зголемените обврски со промена на локацијата и изведбата на неопходната сценографија), но не и трошоците за ставки коишто не се предвидени со Оперативниот и финансиски план (потрошни материјали за реквизити и костими, брошури, фотографирање, снимање и монтажа на видео материјал и за дигитален макетинг).

- Според презентираната фото и видео документација, „Бродвејски мјузикл за деца и младинци- Убавицата и sверот“е реализиран на 24.10.2020 г., на отворената сцена на Школка во Градскиот парк во Скопје, со учество на 50-ина деца и присутво на 80 посетители, согласно со протоколите за одржување на настани на отворено во услови на КОВИД 19.
- Трошењето на програмските средства е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Доверител | Намена | Трошок | Ненамирена обврска | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | [illegible] | Превод и адаптација на | 33.899 | | -Платено по Договор од 20.5.2020 г. и Про-фактура |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | текст за мјузиклот | | | бр.05-8701 од 14.7.2020 г.<br>- Банков извод бр. од 20.7.2020 г. |
| 2. | | Препев на песните од мјузиклот | 38.150 | | -Платено по Договор од 20.5.2020 г. и Про-фактура бр.05-8700 од 14.7.2020 г.<br>- Банков извод бр. од 20.7.2020 г. |
| 3. | | Сценограф и костимограф на мјузиклот | 20.000 | | -Платено по Договор од 20.5.2020 г. на трансакциска сметка (18.600 д.) и 1.400 персонален данок на трезорска сметка<br>- Банков извод бр. од 24.9.2020 г. |
| 4. | | Музички директор и продуцент | | 107.951 | Ненамирена обврска по Договор за дело бр. 1/2020 од 3.2.2020 г. и Анекс договор бр. 1-1/2020 од 1.6.2020 г. |
| 5. | | Кореограф | | 43.380 | Ненамирена обврска по Договор за дело бр. 3/2020 од 3.2.2020 г. и Анекс договор бр. 3-1/2020 од 1.7.2020 г. |
| 6. | | Режисер актерска игра | | 16.667 | Ненамирена обврска по Договор за дело бр. 4/2020 од 13.10.2020 г. и Анекс договор бр. 2-1/2020 од 5.5.2020 г. |
| 7. | | Организатор на проектот | | 40.500 | Ненамирена обврска по Договор за дело бр. 2/2020 од 3.3.2020 г. и Анекс договор бр. 4-1/2020 од 13.10.2020 г. |
| 8. | | Занаетчиски работи за монтажа на сценографија | | 17.736 | Ненамирена обврска по Договор за дело бр.11/2020 од 1.10.2020 г. |
| **Вкупно:** | | | 92.049 | 226.234 | |
| **Вкупно трошок плус обврски:** | | | **318.283 денари** | | **Обврска од МК - 228.283 д.** |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Согласно со Договорот, односно според предвидените ставки во Оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, МК има преостаната обврска кон Крео-аксис во износ од 228.283 денари.

- Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (1) од Договорот со МК, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финасиски извештај за реализацијата на проектот, при надзорот е утврдено дека Крео-аксис доставил Извештај за реализација на проектот, којшто е заведен во МК под бр. 20-11652/1 од 16.11.2020 г., но во него се наведени и ставки коишто не соодветствуваат на Оперативниот и финансиски план како составен дел на Договорот со МК (потрошни материјали за реквизити и костими, брошури, фотографирање, снимање и монтажа на видео материјал и за дигитален макетинг).

Од непосредниот увид во приложената документација, како и разговорот со присутното лице, се утврди следново:

- **Крио-аксис го реализирал проектот „Бродвејски мјузикл за деца и младинци- Убавицата и sверот", а преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 90.000 денари, ги потрошил наменски, при што МК има преостаната обврска кон Крео-аксис во износ од 228.283 денари, според предвидените ставки во Оперативниот и финансиски план за реализација на проектот и преземените обврски од Корисникот.**
- **При надзорот утврдена е следната неправилност: Крео-аксис доставил Извештај за реализација на проектот до МК, но во него се наведени и ставки коишто не соодветствуваат на Оперативниот и финансиски план како составен дел на Договорот со МК (потрошни материјали за реквизити и костими, брошури, фотографирање, снимање и монтажа на видео материјал и за дигитален макетинг), што не е во согласност со член 68 став (3) од Законот за културата, како и член 5 став (1) од Договорот со Министерството за култура.**
- **За утврдената неправилност ќе биде донесено решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилноста согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од Законот за инспекциски надзор.**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Сметам дека проектот е релизиран во исклучително тешки услови на пандемија, а Министерството за култура беше од наша страна известено за промените во реализацијата на мјузиклот, наметнати од протоколите за работа во вонредна ситуација, како и за бараната пренамена на средства за ставки коишто беа дел од пријавата на конкурсот, но подоцна исклучени заради помалку одобрените средства со Договорот. Очекувавме Министерството да не извести за бараната пренамена, но не добивме никаков одговор. Ова е наше прво учество на конкурс за финансирање на проекти од областа на културата и се надеваме на подобра соработка и комуникација во иднина.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>претседател | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: | 15.2.2020 г. | Датум: | 15.2.2020 г. |

КРЕО-АКСИС Скопје


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk